Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

MINISTRY OF ENVIRONMENT AND PHYSICAL PLANNING REPUBLIC OF MACEDONIA

UNDP
Empowered lives.
Resilient nations.

# О Г Л А С

## за учество на обука и распределба на грантови за воведување на агроеколошки мерки во сливот на река Струмица

## - Трет циклус -

*Проектот за управување со сливот на река Струмица* има за цел да воведе сеопфатни мерки со кои значително ќе се подобри еколошкиот статус на водните тела и целокупното сливно подрачје. Во партнерство со локалните земјоделски производители, Проектот ќе спроведува активности за **зголемување на конкурентноста на земјоделското производство** во регионот и **намалување на неговото влијание врз животната средина**, преку воведувањето на современи, **агроеколошки мерки**. Проектот е финансиран од **Швајцарската агенција за развој и соработка**, а го спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (**УНДП**) во партнерство со поголем број партнери на локално и национално ниво.

Заради постигнување на овие цели, Проектот објавува **повик за избор на земјоделски производители кои би се вклучиле во специјализирани обуки** за агроеколошко производство. Можност да се јават на повикот имаат производителите на **овошни култури** (сливи, јаболка и круши) и **градинарски култури** (пиперки и домати) од општините **Радовиш**, **Конче**, **Струмица**, **Василево**, **Босилово** и **Ново Село**.

Обуките ќе се изведуваат во:

- **Радовиш** – за производителите на сливи, јаболка и круши;
- **Струмица** – за производителите на пиперки и домати (на отворено и затворено).

Во рамки на проектот, за учество на обуката планирано е да се изберат до **40 производители на сливи, јаболка или круши** (за обуките во Радовиш) и до **60 производители на пиперки и домати** (на отворено и затворено) (за обуките во Струмица). Изборот на кандидатите ќе се изврши според претходно дефинирани критериуми, вклучувајќи и стручна проценка на придонесот на насадите и предвидените мерки кон целите на Проектот.Транспортот до местото на обука, независно од општината од која што доаѓаат е одговорност на самите апликанти.

ВОДА ЗА СИТЕ
Проект за управување со сливот на река Струмица



По спроведувањето на обуките ќе следува **тест за проверка на знаењето** стекнато во рамките на програмата за обука. Врз основа на повеќе критериуми, вклучувајќи ги резултатите од тестот, **20 земјоделски производители на овошни култури** (од сите општини) **и 30 производители на градинарски култури** (од сите општини) (**вкупно 50**) ќе станат корисници на **грант** од страна на Проектот. Предуслов за добивање на грант е **резултат на тестот** од **најмалку 50%**.

Вредноста на секој грант ќе биде до **300,000 денари**, наменски средства за набавка на опрема и материјали потребни за примена на предвидените агроеколошки мерки. Предлогот за тип на опрема и материјали кои ќе бидат финансирани од проектот, ќе биде направен од страна на **стручен тим** во рамки на проектот, додека набавката ќе ја изврши канцеларијата на **УНДП**.

Обуките ќе се организираат во периодот **мај/јуни 2019 – октомври/ноември 2019 година**, додека **тестирањето** ќе биде организирано во текот на **декември или јануари 2020 година**. Материјалите потребни за подготовка за тестирањето ќе им бидат достапни на сите учесници на обуката.

## Критериуми за избор на кандидати:

1. Доставена целосно пополнета **пријава** заедно со сите **прилози** предвидени во пријавата;
2. Кандидатот да биде **полнолетно лице**;
3. **Локацијата на насадите/земјоделските парцели** да биде во една од следните општини: Радовиш, Струмица, Конче, Василево, Босилово или Ново Село;
4. Кандидатот треба да биде **физичко лице** или **регистриран земјоделец**;
5. **Приходот на домаќинството од земјоделска дејност да биде најмалку 50% од вкупниот приход** на домаќинството во претходната година;
6. Најмалку **половина од полнолетните членови** на домаќинството треба да се занимаваат исклучиво со **земјоделска дејност**, односно да немаат друг извор на приходи (како доказ да се доставаат документи за статусот на вработеност од страна на Агенцијата за вработување. Исклучок од ова правило е кога во домаќинството има студент/и и/или пензионер/и). Домаќинствата каде што повеќе од половина од полнолетните членови обезбедуваат **приходи од друг извор** (пр. вработување) **не можат да се јават** на овој повик.
7. Кандидатот да биде **сопственик** на парцелата или да има склучено **договор за закуп** во времетраење од најмалку 4 години;



8. Насадите под **слива, јаболко или круша** треба да бидат со минимална оформена **површина од 0,3 ха** (од една или повеќе парцели, доколку истите граничат една со друга и се во сопственост или под закуп на исто лице). Минималната формирана површина на насадите со **домат и пиперка** треба да биде **0,1 ха**;
9. **Густината на насадот** (кај овошните култури – слива, јаболко или круша) да биде **најмалку 400 садници на хектар**;
10. **Староста на насадот** (кај овошните култури – слива, јаболко или круша) да биде **помеѓу 4 и 20 години**;
11. На парцелата/насадот да постои **пристап до извор на вода за наводнување**;
12. **Оддалеченоста на избраната парцела од површинско водно тело** (акумулација, река или друг површински водотек) да биде **најмногу 1 км**;
13. Подготвеност за **ко-финансирање** во висина **од најмалку 30%** од нивната вкупна вредност (само во случај на доделување на грант). За кофинансирање ќе се прифати инвестирањето во **опрема и/или материјали** (пр. ѓубрива, средства за заштита) за примена на агроеколошки мерки согласно препораките на стручниот тим на УНДП;
14. Подготвеност на кандидатот **да ги почитува препораките за примена на агроеколошките мерки** на избраната парцела, дадени од страна на тимот од стручни лица, како и да води евиденција на процесите на однапред подготвени формулари;

Во случај на поголем број на поднесени апликации, за рангирање на кандидатите покрај наведените ќе бидат применети и дополнителни критериуми поврзани со проценката на влијанијата врз животната средина (на пр. ерозивност на теренот, локација во однос на постоечко заштитено подрачје и сл.).

Со цел зајакнување на улогата на жената во управувањето со ресурсите во земјоделството, при рангирањето на апликациите, предвидено е доделување на дополнителни поени за жени фармери кои се јавуваат како апликанти, како и земјоделски семејства со поголем процент на жени. Во случај на исти поени при рангирањето, предност ќе им се дава на домаќинствата со жени апликанти, поголем број на жени и поголем удел на приходите од земјоделска дејност.

Пријавата за учество во програмата, **во електронска форма**, може да се обезбеди од веб страната http://www.rdc.mk/southeastregion/index.php/mk/, а печатени примероци може да се обезбедат во канцелариите на **Центарот за развој на Југоисточниот плански регион** во Струмица и општините Радовиш, Конче, Струмица, Ново Село, Василево и Босилово.



Пополнетата пријава треба да се достави во **еден оригинален примерок и 1 копија во затворен плик**, **најдоцна до 30 април 2019 година** на адреса:

Центар за развој на Југоисточниот плански регион

Ул. „Боро Џони“ бр. 10, 2400 Струмица

со назнака „Пријава за обука и грант за агроеколошки мерки“

Доставување на пријавите може да биде по пошта или директно (на рака) во просториите на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион.

За **подетални информации** околу условите и критериумите на огласот ве молиме обратете се на следниве контакти:

**Данче Поп-Иванова Илиева** – Центар за развој на Југоисточниот плански регион, 071/364-934; dance.popivanova@gmail.com

Ве молиме телефонските повици да ги правите во тек на работното време, помеѓу 8:00 и 16:00 часот.

